Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 152/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18) и член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.77/13,30/15 и 173/18), а во врска со член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за катастар на недвижности**

1. Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за катастар на недвижности, бр.1003-1548/1 од 31.01.2019 година и бр.1003-1548/2 од 24.04.2019 година се менува и дополнува на следниот начин:

- **Во Реден број 3 –** зборовите „Набавка на апликација за КОЛ ЦЕНТАР“ во колоната Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба се заменуваат со **зборовите: „Превентивно и адаптивно одржување на апликација за КОЛ ЦЕНТАР“;**
- **Реден број 23**-Адаптивно и превентивно одржување на е-Кат, во колона 5 се менува проценетата вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари), **вредноста 15.300.000 се зголемува на 40.000.000** а во колона во **колона 2** после зборовите: „предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба“ќе се додадат **зборовите:„(во времетраење од 2 години“).**
- **Реден број 29**-Набавка на фотокопир апарати **се брише;**
- **Реден број 36**-Набавка на скенери и софтвер за скен систем во колона 5 проценета вредност за договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари) **вредноста 4.000.000 се зголемува на 6.500.000** Во колона 6 се менува видот на постапката и зборовите „Поедноставена отворена постапка“ се заменуваат со **зборовите: „Отворена постапка“;**
- **Реден број 47**- јавна набавка на одржување, поправка на систем за ПП дојава, противпожарен систем FM 200, во колоната Вид на постапка зборовите: „Постапка со барање за прибирање понуди“ се заменуваат со **зборовите: „Поедноставена отворена постапка“;**
- **Реден број 48** – јавна набавка на „Хортикултурни услуги“во колоната Вид на постапка зборовите: „Отворена постапка“ се заменуваат со **зборовите: „Поедноставена отворена постапка“;**
- **Реден број 59**-јавна набавка на **услуги за обезбедување на објекти и вработени** во колона 5 проценета вредност за договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари) **вредноста 5.500.000 се намалува на 5.000.000;**
- **Реден број 60 –** зборовите: „Превентивно и адаптивно одржување на АКН БЕБ ГИС портал“ во колона 2 се заменуваат с**о зборовите: „Превентивно и адаптивно одржување на АКН ОССП портал“;**

**-Реден број 62-** зборовите: „Консултантски услуги“ во колона 2-Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба се заменуваат с**о зборовите: „Набавка на услуги од авторски агенции“,** а во колона 5 -проценета вредност за договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари), **вредноста 1.000.000 се зголемува на 3.000.000;**
**-Реден број 75-**јавна набавка за **Изработка и ревизија на проектна документација за изградба на нов објект во Скопје** во колона 5 проценета вредност за договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари) **вредноста 5.500.000 се намалува на 4.000.000;**

2. Во останатиот дел Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, останува непроменет.

3. Со извршените измени и дополнувања наведени во точка 1 од оваа одлука вкупната вредност на проценетиот износ на Планот за јавни набавки за потребите на Агенцијата за катастар на надвижности за 2019 година се зголемува за 24.700.000,00 денари.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Изработил:
_______________
Лидија Попова

У П Р А В Е Н О Д Б О Р
ПРЕТСЕДАТЕЛ
_______________________
Ирма Мандева, с.р.